**20241352344**

## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП

Врз основа на членовите 132 и 144 од Законот за авторското право и сродните права на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), член 13 став 1 точка 1 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП Скопје (во понатамошниот текст: ЗАМП Скопје), Собранието на ЗАМП Скопје на седницата одржана на ден 28.6.2024 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА АВТОРСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ

Член 1

Се менува член 15 став 1 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/14, 36/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 147/23, 263/23 и 286/23) и истиот по промената ќе гласи:

„Секој автор или носител на авторски права должен е своите дела (односно дела за кои стекнал право) да ги пријави во ЗАМП преку соодветна пријава на дело во форма на пропишан образец во пишана форма или електронски образец преку имплементирано софтверско решение, со наведување на сите податоци кои влијаат на правилната заштита на авторските права и распределбата на авторските надоместоци.“

Член 2

Се менува членот 21 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци „Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/14, 36/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 147/23, 263/23 и 286/23) и истиот по промената ќе гласи:

„Носителите на права се должни да го пријават авторското дело.

Носителот на права е должен под полна материјална и кривична одговорност на пропишаниот образец да ги наведе неговите точни, лични податоци, како и за секоја промена по писмен или електронски пат благовремено да го извести ЗАМП.

Доколку носителот на права пат не го извести ЗАМП за промена на лични податоци во смисла на ставот 2 од овој член, како и за секоја друга промена, ќе се смета за уредно доставена секоја пратка од страна на ЗАМП до носителот на права, согласно со неговите последни доставени податоци содржани на пропишаниот образец.“

Член 3

Во Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/14, 36/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 147/23, 263/23 и 286/23) се дополнува членот 46, на начин што се додава нов став 7, кој гласи:

„Авторските музички дела кои се употребуваат или користат од страна на корисниците класифицирани во репартициски класи 100) и 300) во смисла на член 34 од овој Правилник, во временскиот период од 00:00 часот до 7:00 часот се вреднуваат со коефициент 0,10 за траење од 1 (една) минута.“

Член 4

Се менува членот 47 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/14, 36/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 147/23, 263/23 и 286/23) и истиот по промената ќе гласи:

„Врз основа на начинот на употреба на делото и степенот на застапеност на музиката во делото, видот на изведувачкиот состав, музичкото дело кое се употребува или користи како:

- авизо музика, односно употреба на музички мотиви за најава и/или одјава на програма или емисии (вести, репортажи, драми и сл.), за раздвојување на делови од иста емисија (звучни завеси, џинглови или музички ефекти во реклами) или повеќе различни емисии, добива коефициент 0,10;
- кулисна музика, односно употреба на музички дела или нивни фрагменти како кулисна музика во говорни емисии (вести, репортажи, како и во својство на придружна музика во емисиите од други жанрови (поезија, проза, ТВ серија, драма и сл.) добива коефициент 0,05.

Член 5

Овој Правилник за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци ќе се применува почнувајќи со распределбата на авторските надоместоци за 2024 година, што ќе биде утврдена со општата пресметка во 2025 година.

Одредбите на овој Правилник ќе се применуваат на авторските надоместоци за емитувани авторски дела кои се прибираат по неговото влегување во сила, додека на авторските надоместоци за емитувани авторски дела, кои се прибирааат пред неговото влегување во сила, ќе се применува Правилникот кој важел пред денот на влегувањето во сила на овој Правилник.

Член 6

Овој Правилник се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и влегува во сила на денот на објавувањето.

Бр. 0201-827/3
28 јуни 2024 година
Скопје

Собрание на ЗАМП
Претседател,
**Дејан Момироски,** с.р.